# ИНФОРМАТИВЕН ПРОСПЕКТ

## Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд

Управуван од

## Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво а.д. Скопје

**31.12.2025**

**а) Назив и седиште на Друштвото и Фондот**

Назив на Друштвото: Друштво за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови Сава пензиско друштво а.д. Скопје
Седиште на Друштвото: ул. Димче Мирчев бр.20, 1000 Скопје
Назив на Фондот: Отворен задолжителен пензиски фонд Сава пензиски фонд. Скратен назив на фондот е Сава пензиски фонд.
Седиште на Фондот: ул. Димче Мирчев бр.20, 1000 Скопје.

**б) Имиња на членови на Управен и Надзорен одбор на друштвото**

**Членови на Управен одбор на друштвото**
Снежана Станковиќ – Претседател на Управен одбор
Д-р Петар Талески, FRM – Член на Управен одбор (до 31.12.2025 година)
Татјана Бојковска, CFA, CAIA – Член на Управен одбор

**Членови на Надзорен одбор на друштвото**
Давид Бенедек - Претседател на Надзорен одбор
Павел Гојкович – Член на Надзорен одбор
Рок Мољк – Член на Надзорен одбор
Д-р. Силвана Мојсовска – Независен член на Надзорен одбор од 27.09.2025 година

(Независен член на Надзорен одбор до 26.09.2025 година беше Ерол Хасан)

**в) Имиња и адреси на акционерите на друштвото и нивното учество во основната главнина на друштвото**

Акционер на друштвото е Позаваровалница Сава д.д., Љубљана, 21.200 обични акции, што претставува 100% од основната главнина.
Основната главнина на Друштвото изнесува **2,12 милиони евра.**

**г) Чувар на имот**
Чувар на имотот на Сава пензиски фонд е НЛБ Банка АД Скопје.
Седиште на чуварот на имот е: ул. Водњанска бр. 1, 1000 Скопје

**д) Надворешен ревизор и супервизор**

Надворешен ревизор на финансиските извештаи на Друштвото и Сава пензиски фонд е ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје.
Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk 02 3224 229.

**ѓ) Структура на реформираниот пензиски систем**
Прв столб – Задолжително пензиско и инвалидско осигурување, Фонд на ПИОСМ
**Втор столб – Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување. Сава пензиски фонд е дел од вториот пензиски столб**
Трет столб – Доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

**е) Начин на зачленување и премин**
Осигурениците кои прв пат пристапуваат во задолжително пензиско и инвалидско осигурување по 1 јануари 2019 година и на датумот на пристапувањето се помлади од 40 години, должни се да се зачленат и да плаќаат придонеси во задолжителен пензиски фонд (втор столб) по сопствен избор се додека имаат својство на осигуреник во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување.
Фондот на ПИОСМ времено ги распределува овие осигуреници во задолжителен пензиски фонд од денот на нивното пристапување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување.
Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување МАПАС е должна писмено да ги информира времено распределените дека согласно Закон се должни да се зачленат во задолжителен пензиски фонд во рок од три месеци сметано од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување. Во овој рок времено распределените осигуреници имаат можност да изберат во кој задолжителен пензиски фонд ќе се зачленат со склучување на договор за членство со агент на пензиското друштво кој управува со тој задолжителен пензиски фонд. По барање на осигуреник Договорот за членство може да биде пополнет и потпишан во двојазична форма дефинирана во Правилник за членство во задолжителен пензиски фонд.
Времено распределените осигуреници кои нема да потпишат договор за членство во рок од три месеци од датумот на пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, по истекот на тој рок, стануваат трајно распределени членови на задолжителниот пензиски фонд во кој биле времено распределени.
Осигурениците кои ќе станат трајно распределени членови во задолжителен пензиски фонд ќе добијат писмено известување од страна на пензиското друштво во кое станале трајно распределен член со информации за нивните права и обврски од членувањето.
Во случај кога осигуреник прв пат потпишал договор за членство во задолжителен пензиски фонд и дотогаш не бил член на ниту еден задолжителен пензиски фонд, има право на еднострано раскинување на договорот по пат на писмен поднесок доставен до друштвото во рок од осум работни дена од датумот на потпишувањето на договорот за членство. Во таков случај договорот не произведува правно дејство. По барање на осигуреник раскинокот може да биде пополнет и потпишан во двојазична форма дефинирана во Правилник за членство во задолжителен пензиски фонд.
Уплатата на придонесите за пензиско и инвалидско осигурување се врши согласно Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување.
Фондот на ПИОСМ ги пренесува придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од приемот на придонесите, под услов во истиот рок да биле примени и соодветни податоци согласно со закон, кои му овозможуваат на Фондот на ПИОСМ да ја изврши таа обврска.
Доколку Фондот на ПИОСМ не ги пренесува придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови веднаш, а најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на придонесите поради недостиг на соодветни податоци, Фондот на ПИОСМ е должен во рок не подолг од три месеци од денот на приемот на придонесите да обезбеди соодветни податоци и да изврши пренесување на придонесите на членовите на задолжителните пензиски фондови на сметките на избраните задолжителни пензиски фондови кај чуварот на имот. Кога придонесите ги пренесува по истекот на рокот наведен погоре, Фондот на ПИОСМ, е должен при пренесувањето на придонесите, да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонесите.
Доколку Фондот на ПИОСМ не изврши распределба на осигурениците во задолжителните пензиски фондови веднаш, но најдоцна во рок од три месеци по нивното пристапување во задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, Фондот на ПИОСМ е должен при распределбата на осигурениците во задолжителните пензиски фондови и пренесувањето на придонесите да уплати и надоместок за ненавремено пренесување на придонесите.
Доколку членот на Задолжителниот пензиски фонд престане да уплатува придонеси во задолжителниот пензиски фонд пред пензионирањето, тој продолжува да биде член на задолжителниот пензиски фонд се до неговото пензионирање или до неговата смрт и ги има истите права како и другите членови на задолжителниот пензиски фонд врз основа на Законот, вклучувајќи го и правото на преминување во друг задолжителен пензиски фонд

**Исклучоци**
Член на задолжителен пензиски фонд кој навршил стаж на осигурување со зголемено траење кој овозможува намалување на старосната граница за остварување право на старосна пензија за најмалку една година согласно со членот 118 став (3) од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, може да избере да го продолжи членството во вториот пензиски столб со писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд во рок од три месеци од навршувањето на стажот на осигурување.
Доколку членот на задолжителен пензиски фонд, во рокот од 3 месеци, не даде писмена изјава за продолжување на членството во задолжителен пензиски фонд, по истекот на овој рок му престанува членството во задолжителен пензиски фонд.
По престанокот на членството друштвото го пренесува вкупниот износ на средства од индивидуалната сметка на членот во Фондот на ПИОСМ. По извршениот пренос на средствата, друштвото ја затвора индивидуалната сметка на членот.
Осигурениците кои во текот на осигурувањето ќе добијат својство на осигуреник како индивидуален земјоделец, физички лица кои се регистрирани како вршители на самостојна дејност за трговија на мало на тезги и пазари престануваат да бидат членови во вториот пензиски столб. Осигурениците од оваа група кои биле членови на втор пензиски столб, со работното ангажирање за вршење работи од повремена или сезонска природа им продолжува членството во задолжителен пензиски фонд, со исклучок на корисниците на старосна пензија и семејна пензија, вдовец/вдовица и родители.
Осигурениците кои се во работен однос или самовработени лица со полно работно време и за кои е утврдено ослободување од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување согласно со Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, не се задолжителни членови во вториот пензиски столб за период за којшто е утврдено ослободувањето од плаќање на придонесите од задолжително социјално осигурување.

**Начин на премин во друг задолжителен пензиски фонд**
Доколку член има индивидуална сметка во задолжителен пензиски фонд (постоен задолжителен пензиски фонд) може да стане член на задолжителен пензиски фонд управуван од друго друштво (иден задолжителен пензиски фонд), со потпишување договор за премин со друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд, потпишување изјава за согласност за премин и плаќање надоместок за премин (пренос). По барање на осигуреник Договорот за премин и Изјава за согласност за премин може да бидат пополнети и потпишани во двојазична форма дефинирана во Правилник за членство во задолжителен пензиски фонд. Надоместок во случај на пренос на средствата во друг задолжителен пензиски фонд членот кој преминува плаќа на сметка на Друштвото кое управува со постојниот пензиски фонд, под услов членот кој преминува да бил член во постојниот фонд пократко од 24 месеци пред да премине во идниот фонд.

| Број на денови на членство | Износ на надоместок за премин* |
|---|---|
| Број на денови ≤720 | 15 Евра во денарска противвредност |
| **Број на денови >720** | **не се наплаќа надоместок за премин** |

* Извор. www.mapas.mk

Приносот на Вашата индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот задолжителен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд.

Друштвото кое управува со идниот задолжителен пензиски фонд е должно да изврши проверка дали се исполнети условите за премин на член и да го запише членот во Регистарот на членови.
Членството во идниот задолжителен пензиски фонд започнува од датумот на пренос на средствата на индивидуалната сметка на членот во идниот задолжителен пензиски фонд. При секој нареден премин на член од постоен во иден задолжителен пензиски фонд бројот на месеци на членство се смета од датумот на пренос на средствата на индивидуалната сметка на членот во идниот задолжителен пензиски фонд.

**ж) Начин на известување на членовите и пензионираните членови**

Друштвото доставува писмено известување до членовите, најмалку еднаш годишно во зелен плик или на електронска адреса со кое:
- ги информира во писмена форма членовите на Сава пензиски фонд за состојбата на средствата на нивните индивидуални сметки (пензиски заштеди), за датумите на уплата на придонесите и на преносот на средствата за членот на тој фонд во текот на односниот период и за претворањето на придонесите и пренесените средс¬тва во сметководствени единици.
- доставува податоци до секој член на Сава пензиски фонд, за вредноста и учеството на средствата на Сава пензиски фонд инвестирани во одделен вид на средства, вклучувајќи и податоци за издавачот на односната хартија од вредност, на последниот датум на процена заклучно со 31 декември секоја година. Обврската за давање податоци за издавачите на хартии од вредност се однесува на вложувања во хартии од вредност кои претставуваат најмалку 1% во вредноста на средствата на Сава пензиски фонд.
- доставува податоци за вкупниот износ на трансакциски провизии кои ги платиле друштвото и неговите странски менаџери на средства на Сава пензиски фонд, во периодот од последниот извештај и за просечниот износ на таквите трошоци по една сметководствена единица.

**Ова известување, по претходна согласност од членот, наместо во писмена форма може да се доставуваат и во електронска форма на електронска адреса дадена од членот.**
По барање од член на Сава пензиски фонд, во секое време, друштвото е должно во рок од осум работни дена од приемот на таквото барање, на членот да му достави известување за вредноста на средствата на неговата сметка.
Податоците се доставуваат до членовите на задолжителниот пензиски фонд бесплатно. Друштвото може да наплати надоместок за известувањето по барање на член, но само до висината на трошоците за печатење и поштенските трошоци.
Извештајот за пензиска заштеда содржи податоци за корисничко име и лозинка за пристап до детален извештај за состојбата на индивидуалната сметка. По барање на член, Друштвото обезбедува електронски пристап до детален извештај за состојбата на индивидуалната сметка. Друштвото обезбедува пристап до личната сметка и преку апликација за мобилни уреди Сава пензиско план.

**За секоја промена на лични и контакт податоци како што се:** име, презиме, адреса на живеење (адреса за достава на писмена или електронска коресподенција) и други лични податоци, членот треба навремено да достави информација до Друштвото.
Промена на податоци членовите можат да вршат: по писмен пат со потпишување на Барање во присуство на овластено лице за увид во документ за лична идентификација на член, со достава на пополнето Барање до Друштвото при што Друштвото телефонски ќе го контактира членот за проверка на идентитет, при што разговорот ќе се снима, ажурирање на адреса со телефонски повик на 02/15500 при што разговорот ќе се снима, преку интернет страната на Друштвото на начин детално опишан на интернет страната и преку мобилна апликација Сава пензиско план. Друштвото на својата интернет страна www.sava-penzisko.mk и во весник објавува и други информации предвидени согласно Закон и подзаконски акти. По барање на осигуреник Барањето за ажурирање може да биде пополнето и потпишано во двојазична форма дефинирана во Правилник за членство во задолжителен пензиски фонд.
**Одредбите за начинот на известување соодветно се однесуваат и на пензионираните членови на Сава пензиски фонд.**

**з) Право на пензија**
Кога член на Сава пензиски фонд ќе стекне право на старосна пензија според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, целиот износ на акумулираните средства на неговата сметка ќе се искористи, со право на личен избор на членот, за:
а) купување на доживотен непосреден ануитет кој се исплаќа од друштво за осигурување овластено за оваа цел (ќе се применува откако ќе биде издадена првата дозвола за вршење на работи на осигурување во класата на ануитети и исплата на ануитети за корисници на пензија) или
б) програмирани повлекувања обезбедени од друштвото кое управува со задолжителниот пензиски фонд со кое членот ќе склучи договор за програмирани повлекувања или
в) привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет.
Член на пензиски фонд кој не остварил право на старосна пензија во Фондот на ПИОСМ поради неисполнување на законските услови, барањето за остварување право на пензија само од втор столб го поднесува до пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд каде што тој е член по наполнување на 65 години живот. Членот на пензиски фонд кон барањето приложува изјава заверена на нотар дека се откажува од правото на пензија од прв столб и правото на најнизок износ на пензија. Членот на пензиски фонд може да избере меѓу:
а) еднократна исплата на средствата од втор столб од неговата индивидуална сметка или
б) остварување на пензија само од средствата од втор столб, доколку пензијата е поголема или еднаква на 40% од најнискиот износ на пензија на денот на остварувањето право на пензија од втор столб.
Кога член на Сава пензиски фонд **бара да оствари право на инвалидска пензија,** согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот на ПИОСМ доставува податоци до друштвото кое управува со тој задолжителен пензиски фонд за членот.
Друштвото ја пресметува инвалидската пензија согласно законската регулатива и доколку пресметаната пензија е поголема или еднаква од пензијата определена од Фондот на ПИОСМ, тогаш членот во вториот столб има право да избере дали:
а) средствата од индивидуалната сметка ќе ги задржи и ќе се откаже од инвалидската пензија од прв столб по што Друштвото започнува со исплата на програмирани повлекувања или
б) средствата од индивидуалната сметка на членот ќе се пренесат во Фондот на ПИОСМ по што Фондот на ПИОСМ започнува со исплата на инвалидска пензија.
Доколку од пресметките се утврди дека пензијата од втор столб е помала од износот на пензијата од прв столб, средствата на членот на Сава пензиски фонд се пренесуваат во Фонд на ПИОСМ, по што Фондот на ПИОСМ започнува со исплата на инвалидската пензија.
Во случај на смрт на член на Сава пензиски фонд **чии членови на семејството имаат право на семејна пензија** согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Фондот на ПИОСМ доставува податоци до друштвото во согласност со законската регулатива.
Периодот на користење на семејна пензија може да биде времен доколку пензијата ја користат деца за време на школување или доживотен за други членови на семејството.
Друштвото ја пресметува семејната пензија согласно законската регулатива и доколку пресметаната семејна пензија е поголема или еднаква на пензијата определена од Фондот на ПИОСМ, тогаш носителовт на правото на семејна пензија има право да избере дали:
1) средствата од индивидуалната сметка на членот ќе ги задржи и ќе се откаже од семејната пензија од прв столб по што Друштвото започнува со исплата на програмирани повлекувања или
2) средствата од индивидуалната сметка на починатиот член ќе се пренесат во Фондот на ПИОСМ по што Фондот на ПИОСМ започнува со исплата на семејна пензија.
Доколку од пресметките се утврди дека пензијата од втор столб е помала од износот на пензијата од прв столб, средствата на починатиот член се пренесуваат во Фондот на ПИОСМ, по што Фондот на ПИОСМ започнува со исплата на семејната пензија.
Пензијата од втор столб се исплаќа во денари на трансакциска сметка на корисникот на пензија не подоцна од 25-ти во месецот за претходниот месец. Пензијата подлежи на оданочување со данок на личен доход согласно со Законот за данок на личен доход.

**Склучување на договор за програмирани повлекувања**
Членот кој остварил право на пензија согласно закон, поднесува барање за остварување право на старосна пензија до Фондот на ПИОСМ, кој доставува копија од решение за признавање или непризнавање право на старосна пензија до пензиското друштво. Потоа, членот поднесува барање до пензиското друштво каде има индивидуална сметка, а Друштвото во име на членот започнува постапка за котација во Центарот за котација, кој треба да достави збирна понуда до друштвото. По добиената понуда од Центарот за котација, Друштвото го известува членот и доколку членот одбрал да прима пензија од втор столб преку програмирано повлекување склучува договор за програмирани повлекувања со пензиското друштво чија понуда ја прифатил со агент на пензиското друштво.
До основање на Центарот за котација собирањето и презентирањето на понудите за пензиите од втор столб ќе се извршува од пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд каде што членот има индивидуална сметка.
Центарот за котација ќе се основа во рок од три месеци од денот на издавањето на првата дозвола за вршење на работи на осигурување во класата на ануитети и исплата на ануитети за корисници на пензија.
Корисникот на пензија може да ги замени доживотните програмирани повлекувања обезбедени од друштвото со користење на преостанатите расположливи средства од индивидуалната сметка за купување доживотни програмирани повлекувања од друго пензиско друштво, купување доживотен ануитет од друштво за осигурување или со купување на привремени програмирани повлекувања комбинирани со доживотен одложен ануитет.

**ѕ) Основни цели и принципи на инвестирањето**

Обезбедувањето на финансиска сигурност и одржлива иднина за нашите членови, преку раст на вредноста на пензиските заштеди, е интегрален дел на Мисијата на Сава пензиско друштво. Во таа насока, Друштвото е насочено кон остварување соодветен долгорочен принос на средствата на фондот имајќи ја пред сè предвид суштинската улога на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, стапката на пораст на трошоците на живот и останатите основни системски параметри на пензиското осигурување.
За остварување на мисијата на долг рок, Друштвото цели кон годишна стапка на номинален принос од 4%. Целниот номинален принос се базира на одредени претпоставки и очекувања чија валидност се преиспитува минимум еднаш на 3 години, и истиот може да се менува во функција на остварување на мисијата на долг рок.
Преку тактички поместувања од стратешката алокација на средствата по класи на инструменти, Друштвото се стреми на краток и среден рок да обезбеди подобар принос на средствата на ОЗПФ Сава пензиски фонд од приносот на пазарниот репер составен од различни воспоставени индекси за секоја класа на инструменти одделно со пондерирање кое соодветствува на целната структура определена во Инвестиционата стратегија.
Временскиот хоризонт за инвестирање на средствата на пензискиот фонд се определува според временскиот рок кој соодветствува на временскиот период до остварување на право на пензија на член со просечна возраст, кој е или ќе биде вклучен во фондот.
Со оглед на долгиот временски период до пензионирањето на неговите членови, но и социјалниот аспект на пензиското осигурување, Друштвото определува просечна или средна толеранција кон ризик односно учеството на акциите и уделите во акциските и приватните инвестициски фондови во вкупниот имот на фондот го определува во рангот помеѓу 20% и 50% од вкупните средства на фондот.

Инвестирањето на средствата на фондот се врши врз основа на следните принципи:
- Ефективно донесување на одлуки, јасни улоги и одговорности;
- Јасно дефинирани цели;
- Инкорпорирање на критериуми за животната средина, социјалните аспекти и квалитетот на корпоративното управување (ESG) во процесот на донесување на одлуки;
- Свесност, разбирање и соодветна толеранција за ризиците;
- Соодветен репер и мерење на перформанси, и;
- Транспарентност и редовно известување, јасна и релевантна комуникација.

Врз основа на **анализи на долгорочните перспективи и ризици на одделни класи на инструменти** се формираат базични претпоставки за очекуваниот принос од одделните класи на инструменти и за очекуваниот пораст на трошоците за живот во Република Северна Македонија. Врз основа на  базичните претпоставки формирана е следната целна структура и дозволените отстапувања од истата:

| | Целно учество во структурата на имотот на фондот, како % од вкупни средства | Максимално надолно дозволено отстапување (-) во процентни поени | Максимално нагорно дозволено отстапување (+) во процентни поени |
|---|---|---|---|
| Акции, акциски и приватни инвестициски фондови: | 31% | 13 п.п. | 5 п.п. |
| - Република Северна Македонија | 3% | 3 п.п. | 3 п.п. |
| - Странство | 28% | 10 п.п. | 2 п.п. |
| Обврзници, обврзнички инвестициски фондови и други должнички инструменти: | 65% | 15 п.п. | 15 п.п. |
| - Република Северна Македонија | 60% | 10 п.п. | 10 п.п. |
| - Странство | 5% | 5 п.п. | 5 п.п. |
| Банкарски депозити | 4% | 4 п.п. | 4 п.п. |
| Државни записи, парични средства и парични еквиваленти | Во функција на управување со тековната ликвидност | | |

Целната структурата на портфолиото на  Сава пензиски фонд според географска алокација:

| Географско подрачје | Целно учество во структурата на имотот на фондот | Максимално надолно дозволено отстапување (-) во процентни поени | Максимално нагорно дозволено отстапување (+) во процентни поени |
|---|---|---|---|
| Република Северна Македонија | 67% | 7 п.п. | 15 п.п. |
| ЕУ и земји членки на ОЕЦД | 33% | 15 п.п. | 7 п.п. |

Врз основа на краткорочните очекувања за различните класи на инструменти Друштвото определува тактичка алокација на средствата за период од една година при што инвестициите ги распределува во рамки на дозволените отстапувања дефинирани во горните табели.
Покрај законските ограничувања поврзани со инвестициите на фондот, Друштвото ги одредува и следните внатрешни самоограничувања:

| Изложеност во поединечен инструментподрачје | % од средствата на фондот |
|---|---|
| Акција издадена од домашно акционерско друштво | 2,0% |
| Акција издадена од странска компанија | 1,0% |
| Обврзница издадена од странски држави и централни банки | 2,0% |
| Корпоративна обврзница издадена од странска компанија | 1,0% |
| Корпоративна обврзница издадена од домашно акционерско друштво, домашна банка или единица на локалната самоуправа во Република Северна Македонија | 1,5% |
| Удел во инвестициски фонд од странски издавач | 5,0% |
| Удел во отворен или затворен инвестициски фонд од домашен издавач | 1,0% |
| Удел во приватен инвестициски фонд од домашен издавач | 0,5% |

Дополнително како интерно ограничување се утврдува изложеност во еден сектор/индустрија – максимално до 30% од акциското портфолио.

**и) Одговорност при носење на инвестиционите одлуки**
Одговорноста за инвестирање на средствата на Сава пензиски фонд е на органите на управување и надзор на Друштвото.
Управниот одбор го формира Одборот за инвестиции како посебно консултативно тело за прашања поврзани со инвестирањето и ризиците од инвестирањето на средствата на пензиските фондови.
Одборот за инвестиции одржува редовни седници најмалку еднаш месечно. Пред Одборот за инвестиции се презентираат анализи врз база на кои се поставува тактичката алокација и микро алокацијата на средствата на фондот и се дефинираат нивоата на прифатлив ризик.
Одборот за инвестиции ги разгледува сите извештаи и анализи поврзани со инвестирањето на средствата на фондот,  управувањето со  ризиците и остварениот резултат од инвестирањето на вкупното и одделните делови на портфолиото на фондот.
Конкретните одлуки, поврзани со инвестирањето и управувањето со ризиците, ги донесува Управниот одбор на Друштвото.
Секторот Инвестиции и Секторот за управување со ризици имаат одвоени функции во рамките на организационата структура на Друштвото.

**Управување со ризици**
Управувањето со ризици подразбира идентификување, мерење и оценување, контрола и следење на ризиците, вклучувајќи го и известувањето за ризиците на кои е изложен или би можел да биде изложен фондот. Во управувањето со средствата на Сава пензиски фонд идентификувани се и се управуваат: ризикот на земја, каматниот ризик, валутниот ризик, ризикот од промена на пазарните цени на хартиите од вредност, ризикот од промена на ликвидноста на пазарот воопшто и промена на ликвидноста на одделна хартија од вредност, кредитниот ризик, ликвидносниот ризик, оперативниот ризик, ризикот од промена на законската регулатива, ризикот од неисполнување на спротивната страна, ризикот на порамнување и ризикот кај банката чувар на имот. Управувањето со ризиците се спроведува во согласност со интерна Методологија донесена од страна на Управниот одбор. При управувањето со средствата на фондот се води сметка за соодветна валутна, секторска и географска диверзификација на вложувањата.

**Пресметка на принос**
 Основен показател за перформансите на портфолиото на Сава пензиски фонд за изминат период се движењата на вредноста на сметководствената единица т.е. нејзиниот прираст и изведената стапка на номинален и реален принос за  претходните 84 месеци (седум години), конвертирана во еквивалентна годишна стапка, изразена како процент со две децимални места. Номиналната стапката на принос за определен временски период, конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос се пресметува по формулата:R=(SEt/SEo)^(365/t)-1
каде
R стапка на принос за пресметковен период,
SEt е вредност на сметководствената единица на последниот ден од пресметковниот период,
SEo е вредност на сметководствената единица на последниот ден од месецот кој претходи на првиот месец во пресметковниот период и
t број на денови во пресметковниот период.
Реалната стапката на принос за определен временски период, конвертирана во еквивалентна годишна стапка на принос се пресметува по формулата:

$$R_{real} = \frac{1 + R_{nom}}{\left(\prod_k \left(1 + \frac{i_k - 100}{100}\right)\right)^{\frac{365}{t}}} - 1$$

Каде:
$R_{real}$ е реална стапка на принос
$R_{nom}$ е номинална стапка на принос
$i_k$ е вредност на  индексот на трошоци на живот на крајот на периодот и
t е број на денови во пресметковниот период.
Друштвото, согласно регулативата ги објавува остварените стапки на номинален и реален принос.

**Принос* на средствата на Сава пензиски фонд за периодот 31.12.2018 – 31.12.2025 сведен на годишно ниво:**

| Вид на принос | Износ во % |
|---|---|
| **Номинален** | **6,12%** |
| **Реален** | **0,74%** |

Реалниот принос се добива од номиналниот принос, коригиран за промената на нивото на трошоците на живот во пресметковниот период. Приносот на Вашата индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот задолжителен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд.

**Надоместоци* кои ги наплатуваше Друштвото во периодот за кој се објавува приносот 31.12.2018 – 31.12.2025**

| Период | 01.01.2018-31.12.2018 | 01.01.2019-31.12.2019 | 01.01.2020-31.12.2022 | 01.01.2023-31.12.2023 | 01.01.2024-31.12.2024 | 01.01.2025-31.12.2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Надоместок од придонеси | 2,50% | 2,25% | 2,00% | 1,90% | 1,80% | 1,70% |
| Месечен надоместок од вредноста на нето средствата | 0,035% | 0,030% | | | | |
| Надоместок за премин | | | | | | |
| Број на денови на членство ≤720 | 15 евра (во денарска противвредност) | | | | | |
| Број на денови на членство >720 | Не се наплаќа надоместок за премин | | | | | |

Трансакциони провизии** платени од средствата на пензискиот фонд за периодот за кој се објавува приносот 31.12.2018-31.12.2025 изнесуваат вкупно 15.580.860,97 денари. Износот на трансакциони провизии по една сметководствена единица изнесува 0,06 денари**.
Нема намалување на надоместокот за постојано членство, како процент од придонесите во задолжителниот пензиски фонд. Надоместоците се променливи согласно Закон.
Најновите надоместоци се достапни на www.sava-penzisko.mk

**Вредност на сметководствената единица 31.12.2018-31.12.2025***




**ј) Инвестициско портфолио на Сава пензиски фонд на 31.12.2025 година**

| ИЗДАВАЧ | НАЗИВ | Вредност во денари | % од вкупните средства |
|---|---|---|---|
| **ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | | |
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| **ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| Министерство за финансии на РСМ | Континуирана петнаесет годишна државна обврзница без девизна клаузула | 33.056.943.033 | 40,87% |
| Министерство за финансии на РСМ | Континуирана петнаесет годишна државна обврзница девизна клаузула | 14.167.918.441 | 17,51% |
| Министерство за финансии на РСМ | Континуирана триесет годишна државна обврзница девизна клаузула | 4.448.216.213 | 5,50% |
| останати * | | 238.592.030 | 0,29% |
| **Вкупно домашни државни обврзници** | | **51.911.669.717** | **64,17%** |
| **ДЕПОЗИТИ** | | | |
| останати * | | 1.098.096.034 | 1,36% |
| **Вкупно депозити во домашни банки** | | **1.098.096.034** | **1,36%** |
| **АКЦИИ** | | | |
| останати * | | 1.717.638.596 | 2,12% |
| **Вкупно домашни акции** | | **1.717.638.596** | **2,12%** |
| **ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ** | | | |
| останати * | | 18.462.311 | 0,02% |
| **Вкупно удели на  инвестициски фондови** | | 18.462.311 | 0,02% |
| **ВКУПНО ДОМАШНИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **54.745.866.658** | **67,67%** |
| **ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД ИЗДАВАЧИ СО СЕДИШТЕ ВО ЕУ И ОЕЦД** | | | |
| **ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| **ДРЖАВНИ ОБВРЗНИЦИ** | | | |
| останати * | | 1.346.908.283 | 1,67% |
| **Вкупно државни обврзници** | | **1.346.908.283** | **1,67%** |
| **КРАТКОРОЧНИ ЗАПИСИ** | | | |
| **ДРЖАВНИ ЗАПИСИ** | | | |
| останати * | | 259.580.823 | 0,32% |
| **Вкупно државни записи** | | **259.580.823** | **0,32%** |
| **АКЦИИ** | | | |
| останати * | | 6.335.788.884 | 7,83% |
| **Вкупно  акции** | | **6.335.788.884** | **7,83%** |
| **ИНВЕСТИЦИСКИ ФОНДОВИ** | | | |
| Vanguard Group Ireland Ltd. | Vanguard S&P 500 ETF | 3.396.864.678 | 4,20% |
| BlackRock Fund Advisors | iShares MSCI World ETF | 1.967.631.720 | 2,43% |
| BlackRock Fund Advisors | iSHares Global Tech ETF | 1.588.150.837 | 1,97% |
| Fidelity Management & Research CO LLC | Fidelity Financials ETF | 1.357.701.075 | 1,68% |
| BlackRock Fund Advisors | iSHares Core S&P Midcap ETF | 1.270.625.489 | 1,57% |
| останати * | | 6.633.293.580 | 8,20% |
| **Вкупно удели на  инвестициски фондови** | | **16.214.267.379** | **20,05%** |
| **ВКУПНО СТРАНСКИ ИНСТРУМЕНТИ** | | **24.156.545.369** | **29,87%** |
| Побарувања | | 1.409.597.665 | 1,74% |
| Парични средства | | 580.151.065 | 0,72% |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **80.892.160.757** | **100,00%** |

* Вложувањата помали од 1% се групираат во алинејата ''останати''

**Структура на вкупните средства по група на инструменти на 31.12.2025***




**Структура на вкупните средства по држава на 31.12.2025**




**к) Надоместоци, провизии и останати трошоци**

Надоместоци* кои ги наплатуваше Друштвото во 2025 година:

| Надоместоци | |
|---|---|
| Надоместок од придонеси | 1,70% |
| Месечен надоместок од вредноста на нето средствата на фондот | 0,030% |
| Надоместок за премин | |
| Број на денови на членство ≤720 | 15 евра (во денарска противвредност) |
| Број на денови на членство >720 | не се наплаќа надоместок за премин |

Трансакциони провизии** платени од средствата на пензискиот фонд за 01.01.2025-31.12.2025 изнесуваат вкупно 1.953.584,84 денари. Износот на трансакциони провизии по една сметководствена единица изнесува 0,007 денари** Нема намалување на надоместокот за постојано членство, како процент од придонесите во задолжителниот пензиски фонд. Надоместоците се променливи согласно Закон.
Приносот на Вашата индивидуална сметка е променлив и зависи од приносот на Вашиот задолжителен пензиски фонд и од надоместоците наплатени од Вашето друштво кое управува со задолжителниот пензиски фонд.

**Надоместоци** кои се наплаќаат од Друштвото:**

| | Износ | Износ/Вредност на нето средствата на задолжителниот пензиски фонд % | Износ на трошок по една сметководствена единица |
|---|---|---|---|
| **Чувар на имот*** ** | 18.043.296,00 | 0,02% | 0,07 ден. |
| **МАПАС** | 50.656.575,00 | 0,06% | 0,18 ден. |
| **ПИОСМ** | 6.513.319,00 | 0,01% | 0,02 ден. |

***Надоместокот кој го наплаќаше чуварот на имот изнесуваше 0,024% за вредност на имотот над 1.000 милиони ЕУР

Друштвото наплатува месечен надоместок од вредноста на нето средствата на фондот од пензионираните членови со програмирани повлекувања идентичен со надоместокот кој се наплаќа од членовите. Друштвото не наплаќа трансакциски трошоци за исплата на пензиите преку програмирани повлекувања.

**л) Број на членови или пензионирани членови на Сава пензиски фонд**
Во Сава пензиски фонд заклучно со 31.12.2025 година има 265.904 членови и распределени членови*. Бројот на пензионирани членови е 41.**

**љ) Вредност на нето средствата на Сава пензиски фонд**

Вредноста на нето средствата* акумулирани во Сава пензиски фонд на 31.12.2025 година изнесуваат 80.739,06 милиони денари.

Татјана Бојковска, CFA,CAIA
Член на Управен одбор

Снежана Станковиќ
Претседател на
Управен одбор

*Извор. www.mapas.mk
**Извор. Сава пензиско друштво АД Скопје